Република Северна Македонија
Општинско основно училиште
Гоце Делчев
БР. 03-219/4
30. 04. 2026 год.
Демир Хисар

# *С О О П Ш Т Е Н И Е*

ООУ „ Гоце Делчев“ Демир Хисар во врска со запишувањето на децата во прво одделение , а во согласност со Законот за основно образование го соопштува следното:

Во учебната 2026/2027 година во прво одделение ќе се запишуваат:

***Децата*** кои на крајот на календарската година ќе наполнат ***6 години***, односно сите деца родени ***2020*** година. Во прво одделение може да се запише и дете доколку наполни шест години до 31 јануари наредната година, по барање од родителот и добиено мислење од стручните соработници во училиштето.

Запишувањето ќе го врши Комисија составена од стручен соработник и одделенски наставници од училиштето.

Потребни документи за запишување во прво одделение:

-***ИЗВОД*** НА РОДЕНИ

-***ПОТВРДА*** за примените задолжителни вакцини на детето

- ***ПОТВРДА*** за извршен стоматолошки преглед

-***ПОТВРДА*** за офталмолошки преглед издаден од надлежна здравствена установа. Доколку истата родителот не ја достави при уписот потребно е да приложи упат за вршење на офталмолошки преглед. По добивањето на истата родителот веднаш треба да ја достави во училиштето до крајот на месец мај 2026 година.

-При запишување на дете со попреченост во прво одделение, родителот односно старателот е должен да достави и мислење/функционален профил/ од комисијата за проценка на деца и младинци за дополнителна образовна, социјална и здравствена поддршка според МКФ.

Родителот со документ за негова идентификација должен да го запише ученикот лично во ООУ „ Гоце Делчев“ Демир Хисар на датумот кој е означен во неговото известување. Истиот ден во времето означено во известувањето ќе се изврши систематски и стоматолошки преглед на забите во Здравствениот дом за што е потребно да носат и здравствена книшка и електронска картица од каде и ќе ви биде доставена потврда за преглед на забите и потврда за примени вакцинации.

Д и р е к т о р

/ Аце Јанкуловски /